ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СУ-04.бр.15/24
24.01.2024 година
К р а т о в о

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2 и став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник на РМ„ бр.43/15,98/15, 33/15,6/16, 198/18 и 248/18) и чл.22 и 23 од Законот за работните односи, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Кратово и Согласноста од Министерството за финансии бр.19-834/2 од 24.01.2024 година, Основниот суд Кратово објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/24**
**за вработување на 7 (седум) судски службеници на определено време до 31.12.2024 година**
**за следните работни места:**

**1.Самостоен судски референт –** Технички секретар на претседателот на судот, категорија „Г“ ниво „Г-1“ **- 1 (еден) извршител**
**2. Самостоен судски референт –** Водител на писарница, категорија „Г“ ниво „Г-1“ - **1 (еден) извршител**
**3. Судски референт –** Дактилограф, категорија „Г“ ниво „Г-3“ **- 2 (двајца) извршители**
**4. Судски референт –** за прием и експедиција на пошта, категорија „Г“ ниво „Г-3“ **- 1 (еден) извршител**
**5. Судски соработник –** категорија „В“ ниво „В-3“,**- 1 (еден) извршител**
**6. Помлад судски соработник** - категорија „В“ ниво „В-4“,**- 1 (еден) извршител**

**Посебни услови за работните места под точка 1 и 2 се:**
**Стручни квалификации:** најмалку средно или вишо образование,
**Работно искуство:** најмалку 3 години работно искуство во струката, (доказ: соодветна потврда за работниот стаж издадена од надлежна институција)
**Посебни работни компетенции:**
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски или германски).
- који се докажуваат со приложување на соодветен доказ (диплома, сертификат, уверение).

**Посебни услови за работните места под точка 3 и 4 се:**
**Стручни квалификации:** најмалку средно или вишо образование
**Работно искуство:** најмалку 1 година работно искуство во струката (доказ: соодветна потврда за работниот стаж издадена од надлежна институција)
**Посебни работни компетенции:**
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и
- Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ (англиски, француски и германски) - кои се докажуваат со приложување на соодветен доказ (диплома, сертификат, уверение).

**Посебни услови за работното место под точка 5 се:**
**потребни стручни квалификации и компетенции:**
- **најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен правен факултет VII/1 степен и положен правосуден испит** (доказ: уверение за дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование VII/1 степен на правни студии или за дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) и уверение за положен правосуден испит)
- **најмалку 1 (една) година работно искуство во струката** (доказ: соодветна потврда за работниот стаж издадена од надлежна институција)
- **активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија** (англиски, француски или германски), ( доказ: диплома, сертификат, уверение)
- **активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење** ( доказ: диплома, сертификат, уверение)

**Посебни услови за работното место под точка 6 се:**
**потребни стручни квалификации и компетенции:**
- **најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен правен факултет VII/1 степен** (доказ: уверение за дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование VII/1 степен на правни студии

или за дипломиран правник со стекнати 240 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС))
- **со или без работно искуство во струката**
- **активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија** (англиски, француски или германски), ( доказ: диплома, сертификат, уверение)
- **активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење** (доказ: диплома, сертификат, уверение)

**За сите работни места:**
**дневно работно време:** 8 часа - од 07:30 до 15:30 часот, дневна пауза од 11:00 до 11:30 часот. Неделно работно време 40 часа - од понеделник до петок;
**Времетраење на работниот однос**: определено до 31.12.2024 година.

**Основна нето плата** на судскиот службеник:
- **за работните места под точка 1 и 2** изнесува: 26.581,00 денари,
- **за работните места под точка 3 и 4** изнесува: 24.196,00 денари.
- **за работното место под точка 5** изнесува: 36.527,00 денари
- **за работното место под точка 6** изнесува: 33.037,00 денари

Покрај посебните услови, кандидатот **за секое од работните места** потребно е да ги исполнува и следните **општи услови**:
- да е државјанин на Република Северна Македонија (уверение за државјанство не постаро од 6 месеци)
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место (лекарско уверение издадено од специјалист по медицина на трудот - не постаро од 6 месеци)
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна - Забрана за вршење на професија, дејност или должност ( уверение  - не постаро од 6 месеци)

Пријавата за вработување може да се подигне на приемното одделение во судот или од интернет страницата на Основен суд Кратово www.oskratovo.mk и истата пополнета заедно со приложени докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар да се доставаат во писмена форма во приемното одделение на Основен суд Кратово или по пошта на адреса: Основен суд Кратово, ул.„Јосиф Даскалов“ бб, Кратово, со назнака: „ЗА ЈАВЕН ОГЛАС бр.1/24“. Ненавремената, нецелосна и неуредно пополнета пријава нема да биде предмет на разгледување.

Рокот за поднесување на пријавата е **3 (три) работни дена** сметано од денот на последното објавување на огласот во дневните весници (не сметајќи го денот на објавувањето).

Изборот на кандидатите ќе се изврши во рокот определен во член 23 став 2 од Законот за работните односи.

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО